**Прашања од општини по однос на Првиот повик за финансирање на техничка докуметација (трет дел)**

1. Дали може да бараме набавка на две топлотни пумпи Daikin за поставување во две подрачни училишта?

**Одговор**: Во рамките на овој повик не може да се аплицира за добивање на опрема. Единствено може да се поднесе апликација за подготовка на соодветна техничка документација (на пр., за изработка на Основен проект за загревање на училишта со топлотни пумпи).

Со Основниот проект ќе се офатат повеќе фази (машинство, електро и др.) во рамките на кои ќе бидат вклучени и спецификациите за потребната опрема (капацитет, моќност, инсталирана снага итн). Тоа ќе обезбеди основа Општините понатаму да објават оглас за набавка на опрема преку други извори на финансирање (не овој повик на УНДП).

2. Дали треба да ви доставиме само каталог на пумпи кои ги бараме (што треба да доставиме заедно со апликацијата)?

**Одговор**: Не, затоа што типот и спецификациите на пумпите мора да произлезат од техничката документација. Вообичаено е при набавка на опрема да не се наведува производител.

3. Дали за проекти за кои немаат активен ДУП во склоп на техничката документација може да се предвиди и подготовка на ДУП?

**Одговор:** Не, во рамките на повикот не постои можност за подготовка на ДУП-ови или ГУП-ови.